Дневни биллтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 13.04.2022

На 12.04.2022 во 21.15 часот во с.Зубовце, општина Врапчиште, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Гостивар ги лишиле од слобода М.С.(40), Ј.С.(39) и М.А.(43), сите од с.Калиште, општина Врапчиште. При преглед кај нив и во возилото „фолксваген голф", со италијански национални ознаки, во кое беше тројата, биле пронајдени и одземени 14 опаковки кокаин. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.04.2022 од страна на Одделот за криминалистичка полиција - Сектор за недозволена трговија со дрога и оружје во координација со полициски службеници од Единицата за недозволена трговија – Одделение за недозволена трговија со оружје и експлозивни материи при СВР Скопје, БВР – Одделение за криминалистички работи Чаир и Единицата за службени кучиња, по претходно добиена наредба од Основен кривичен суд Скопје, извршен е претрес на дом и други простории кај Д.К.(75) од С.Љубанци. При претресот се пронајдени еден револвер „Застава", еден револвер "Ekol viper", седум сигнален пиштол, три рамки за муниција, две цевки – пригушувачи, 24 куршуми, шест рамки од пушки, еден самострел "Lightning by Barnett", четири стрели за самострел. Д.К. е лишен од слобода, а по документирање на случајот против него ќе биде поднесен поднесок за сторено кривично дело по член 396 од Кривичниот законик.

На 12.04.2022 на улица „Кочо Рацин" во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишиле од слобода А.К.(24) од с.Дреново. Тој бил затекнат при извршување кражба во патничко возило „југо" со кавадречки регистарски ознаки. А.К. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.04.2022 околу 00.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Г.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.04.2022 околу 12.30 часот во ОВР Струга приведен е Р.К.(47) од Република Албанија. При преглед извршен во автомобил „опел корса", со албански регистарски ознаки, што тој го управувал, полициските службеници пронашле и одзеле кокаин. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.04.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 37 прекршоци, од кои 18 надвор од населено место и 19 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 13.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци сторени од страна на возачите за недавање пренајмо на минување на пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 10 прекршоци. На сите им биле изготвени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 27 други видови на прекршоци, од кои 11 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 3 за нерегистрирано возило, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за непропишо престигнување, 2 за некористење заштитна кацига, 2 за прекршоци сторени од пешаци и 3 за непропишо паркирање.

Вчера и денеска (12/13.04.2022) од 08.00 до 01.30 часот по полноќ, полициски службеници на СВР Тетово спровеле зајакната контрола на брзината со која се движат возилата во и надвор од населено место. Во контролата, која во вечерните часови била реализирана со т.н.„ноќен радар", откриени и законски санкционирани се вкупно 16 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-1 и ГВ-15), од кои 1 (ГВ) до 70 километри на час повеќе. При контролата, исто така, санкционирани биле и 20 возачи (ТЕ) кои ја пречекориле дозволената брзина во населено место, од кои тројца до 50 километри на час, а откриени и со соодветни поднесоци биле заокружени и 46 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-36 и ГВ-10).

На 12.04.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 26 возачи, од кои 5 санкции на територија на Ресен, 9 на територија на Битола, 3 во Прилеп, 2 во Демир Хисар, 6 во Македонски Брод и 1 во Крушево.

На 12.04.2022 во периодот од 13.00 до 18.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не даваат пренаврство на минување на пешаците на пешачки премин. Притоа, биле констатирани и санкционирани 8 прекршоци (Велес 5 и Неготино 3).

На 12.04.2022 СВР Куманово продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На подрачјето СВР Куманово изречени се вкупно 22 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 16 санкции и 6 санкции за недавање пренаврство на минување на пешаци.

На 12.04.2022 во 13.45 часот во СВР Струмица било пријавено дека на крстосница од ул. „Мајка Тереза" и ул.„Коло Орцев" во Струмица се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „цитроен берлинго", управувано од Д.Д.(41) од Струмица и мотоцикл „шилера", управуван од малолетник од Струмица, двете со струмички регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле мотоциклистот и малолетен сопатник на мотоциклот, додека Д.Д. се здобил со телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Струмица.

На 12.04.2022 во 13.25 часот во Полициска станица Аеродром, С.Ѓ.(51) од Скопје пријавил дека на булевар „АСНОМ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 12.04.2022 во 19.15 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионален пат Гостивар – село Чегране, патничко возило „фолксваген", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Б.З.(19) од Гостивар излетало од патот. Во несреќата Б.З. се здобил со тешки телесни повреди, а сопатниците Ј.И.(20) и двајца малолетници, сите од Гостивар, се здобиле со телесни повреди констатирани во болницата во Гостивар. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 12.04.2022 во 18.35 часот во Полициска станица Гази Баба, П.Х.(51) од Скопје пријавил дека на улица „Лазар Поп Трајков" неговата малолетна ќерка била каснат од куче скитник.

На 12.04.2022 во 18.50 часот во Полициска станица Драчево, Т.Ј.(31) од Скопје, пријавила дека во Скопје нејзината малолетна ќерка била каснат од куче скитник.

Денеска (13.04.2022) во 12.00 часот на бул.Крсте Мисирков" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го лишиле од слобода И.С.(55) од Скопје. Тој се сомнили дека на 03.03.2022 на автобуска постојка кај Народна банка извршил џепна кражба и од Е.Т.Ј. од Скопје одзел платежна картичка со која подигнал пари. По преземени мерки и обезбеден доказен материјал било утврдено дека И.С. е сторителот на делото. Со него бил извршен службен разговор во полициска станица и во координација со Јавен обвинител против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.З.(50) од Битола, С.Д.(30), С.Д.(28), Ф.А.(37) и О.А.(36), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени 28 кривични дела, од кои 12 кривични дела „тешка кражба", по две „уништување или оштетување јавни инсталации" и помагање при „прикривање" и по едно кривично дело „кражба" и „загрозување на безбедноста на сообраќајот со опасно дејствие или средство". По претходен меѓусебен договор меѓу пријавените, во периодот од 10.06.2021 до 09.07.2021 на повеќе различни локации, првопријавениот со употреба на физичка сила ја отварал шахтата (кабловско окно), сопственост на телекомуникациска компанија, а потоа со бонсек ги сечеле бакарните кабли, ги одземале и ги товарале во возило, со што причиниле материјална штета од 2.149.919 денари.

Одделот за суздивање на организиран и сериозен криминал при МВР, Сектор за криминалистички истраги - Единица за недозволена трговија со дрога поднесе кривична пријава против Н.К.(34) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 02.02.2022 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле полуавтоматски пиштол „Zastava M70 " и една рамка за пиштол со пет куршуми калибар 7,65 мм.

На 12.04.2022 околу 09.00 часот во ОВР Струга приведени се С.М.(37) и Б.К.(42), двајцата од Струга. При претходно извршен преглед кај месноста „Сатеска", полициските службеници ги затекнале при користење метадон и кај нив пронашле шприц со метадон. Против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.04.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.М.(35) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината малолетна ќерка С.С.М.(13), која и претходно се оддалечувала од домот и била враќана. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против лицето А.С.(56) од струшко село Лабуништа и правен субјект со седиште во Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 22.03.2022 на ул.„Пролетерски бригади" во Струга, полициски службеници сопреле и извршиле контрола во автобус, сопственост на правното лице, и утврдиле дека возачот А.С. не поседува соодветна лиценца за таа дејност издадена од надлежен државен орган.

На 12.04.2022 во 21.00 часот во СВР Куманово, 21-годишен маж од кумановско село пријавил дека бил измамен од едно лице за сума од 500 евра. Според пријавеното, лицето му понудило да му размени 500 евра, по што тој му дал денари, но при размената лицето му дало фалсификувана банкнота. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.04.2022 во 07.42 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.А. од Скопје пријавила дека во дворот на нејзината куќа настанала физичка пресметка помеѓу А.Б.(19) и Б.А.(24), двајцата од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.04.2022 во 08.45 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека пред деловен објект на подрачјето на Гази Баба, по претходна вербална расправија поради должничко-доверителски односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Т.(41) и Р.Р., двајцата од Скопје,. Увид извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.04.2022 во 12.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари било пријавено дека бил пронајден и вратен К.О.(26), кој претходно беше пријавен од неговата мајка С.М.(52) од Скопје дека се оддалечил од домот.

На 12.04.2022 во 15.15 часот во Полициската станица Киселa Вода, В.С.(49) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" во Скопје бил каснат од куче скитник.
На 11.04.2022 во 12.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ф.У.(51) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечиле А.О.(9) и С.Р.(11), кои тој ги чувал во згрижувачко семејство. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 12.04.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Аеродром, А.Е.(61) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет